**Снабдување Исток ДООЕЛ - Скопје**

**Друштво за снабдување со топлинска енергија**

## ПОЈАСНУВАЊЕ НА ДЕКЕМВРИСКАТА ФАКТУРА

ПОЧИТУВАНИ,

НАДОМЕСТОКОТ ЗА ТРОШОКОТ ЗА ГРЕЕЊЕ ЗА 2,5 МЕСЕЦИ ЗА ПРВИОТ ДЕЛ ОД ГРЕЈНАТА СЕЗОНА ЗА ПЕРИОД 15 ОКТОМВРИ–31 ДЕКЕМВРИ/2011 СЕ ПЛАЌА НА 5 МЕСЕЧНИ РАТИ, СО ТОА ШТО МЕСЕЦИТЕ АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ, ОКТОМВРИ И НОЕМВРИ ПОТРОШУВАЧИТЕ ГИ ПЛАЌААТ АВАНСНО, СОГЛАСНО ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА (СЛ. ВЕСНИК БР. 151/09) ЗА ПОТРОШУВАЧИ КОИ НАДОМЕСТОКОТ ЗА ГРЕЕЊЕ ГО ПЛАЌААТ НА 12 МЕСЕЧНИ РАТИ.

СТВАРНОТО ФИНАНСИСКО ЗАДОЛЖЕНИЕ ЗА ПРВИОТ ДЕЛ ОД ГРЕЈНАТА СЕЗОНА ЗА ПЕРИОД 15 ОКТОМВРИ–31 ДЕКЕМВРИ/2011 Е СОГЛАСНО ПОТРОШЕНАТА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА КОЈА ЈА РЕГИСТРИРА МЕРАЧОТ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА, ВО ТОПЛИНСКАТА СТАНИЦА НА ОБЈЕКТОТ.

СО ФАКТУРАТА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ/2011, СЕ ВРШИ ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ МЕЃУ ПЛАТЕНИОТ ИЗНОС ПО ОДНОС НА АВАНСНИТЕ ФАКТУРИ ЗА ПЕРИОД АВГУСТ - НОЕМВРИ 2011 И ФИНАНСИСКО ЗАДОЛЖЕНИЕ СОГЛАСНО ПОТРОШЕНАТАТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ПЕРИОД ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ 2011 ГОД. **ПОГЛЕДНЕТЕ ГО ТЕКСТОТ СО НАСЛОВ “ ПОЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ФАКТУРАТА ЗА ГРЕЕЊЕ”**

МОЖНО Е КАЈ ОДРЕДЕНИ ПОТРОШУВАЧИ ФАКТУРАТА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ ДА БИДЕ СО ЗГОЛЕМЕН ИЗНОС ВО ОДНОС НА НОЕМВРИСКАТА ФАКТУРА.

ГЛАВНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОКАЧУВАЊЕТО НА ДЕКЕМВРИСКАТА ФАКТУРА СЕ:

1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕКОТ НА ГРЕЈНА СЕЗОНА (ОД 01.11.2011) КОГА ПОТРОШУВАЧИТЕ ФИНАНСИСКИ СЕ ЗАДОЛЖУВААТ, СОГЛАСНО ПОТРОШЕНАТА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА.

   - ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНА НА ТОПЛИНСКАТА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕК НА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА, (ОД 01.11.2011) Е ЗА ПРВПАТ ОТКАКО СЕ ПРИМЕНУВА ФАКТУРИРАЊЕТО НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ГРЕЕЊЕ, СОГЛАСНО ПОТРОШЕНАТА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА НИВО НА МЕРНО МЕСТО, РАСПРЕДЕЛЕНА ДО СЕКОЈ ПОТРОШУВАЧ, СОГЛАСНО УЧЕСТВОТО НА ГРЕЈНАТА ПОВРШИНА ВО ВКУПНАТА ГРЕЈНА ПОВРШИНА НА МЕРНОТО МЕСТО. ПРИ ТОА АВАНСНИТЕ ФАКТУРИТЕ ЗА МЕСЕЦИТЕ АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ И ОКТОМВРИ СЕ ИЗГОТВЕНИ СО ПОНИСКИ ЦЕНИ ОД 01.08.2011, ДОДЕКА ПАК НОЕМВРИСКАТА АВАНСНА ФАКТУРА Е СОГЛАСНО ПОКАЧУВАЊЕТО ОД 01.11.2011.



СТВАРНОТО ФИНАНСИСКО ЗАДОЛЖЕНИЕ, СОГЛАСНО ПОТРОШЕНАТА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ Е ФАКТУРИРАНО СО ПОНИСКАТА ЦЕНА ОД 01.08.2011, ДОДЕКА МЕСЕЦИТЕ НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ, КОГА СЕ ПРАВИ И НАЈГОЛЕМИОТ ТРОШОК ЗА ГРЕЕЊЕ, СЕ ФАКТУРИРАНИ ПО НОВИТЕ ПОВИСОКИ ЦЕНИ ОД 01.11.2011.

2. ЗГОЛЕМЕНА ПОТРОШУВАЧКА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ПОРАДИ:

- ЛОШИ ТЕРМИЧКИ КАРАКТЕРИСИКИ НА ОБЈЕКТИТЕ, ГРАДЕНИ ВО ВРЕМЕ КОГА НЕМАЛО ТЕХНИЧКИ СТАНДАРДИ ЗА ИЗОЛАЦИЈАТА НА ОБЈЕКТИТЕ, ПРЕТЕЖНО СО БЕТОН И ЛОША СТОЛАРИЈА.

НА ПРИМЕР АКО СЕ НАПРАВИ СПОРЕДБА ПОМЕЃУ ЕДЕН ДОБРО ИЗОЛИРАН ОБЈЕКТ КОЈ ШТО Е НОВОГРАДБА, И ГО СПОРЕДИМЕ СО ПОСТАР ОБЈЕКТ СО ЛОШИ ТЕРМИЧИ КАРАКТЕРИСТИКИ РЕЗУЛТАТИТЕ СЕ СЛЕДНИ.

| Тип на објект | Адреса | Цена за м2/ден | Порамнување |
|---|---|---|---|
| Објект новоградба со термичка изолација | В.С.Бато 12 | 39 | -46% |
| Стар објект со лоши термички карактеристики | Т.Караџа 16 | 68 | 35% |

ОД ТАБЕЛАТА МОЖЕ ДА СЕ ЗАКЛУЧИ ДЕКА ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОБРОИЗОЛИРАНОИОТ ОБЈЕКТ СЕ ДОСТА ПОМАЛИ, А ИСТО ТАКА И ПОРАМНУВАЧАТА ФАКТУРА.

- ГОЛЕМ БРОЈ НА ИСКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ. КОГА БРОЈОТ НА ИСКЛУЧЕНИ СТАНОВИ Е НАД 50%, ТОПЛИНСКИТЕ ЗАГУБИ ОД ВНАТРЕШНАТА ИНСТАЛАЦИЈА КАКО И ЗГОЛЕМЕНИТЕ ТРАНСМИСИОНИ ЗАГУБИ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА НИВО НА ОБЈЕКТ (ЗАРАДИ ИСКЛУЧЕНИТЕ СТАНОВИ), СЕ ДЕЛАТ НА ПОМАЛ БРОЈ НА ПОТРОШУВАЧИ. **ПОГЛЕДНЕТЕ ГО ТЕКСТОТ СО НАСЛОВ "ВЛИЈАНИЕ НА ИСКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ**".

- ДИВО ПРИКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ, ДОГРАДБИ, НАДГРАДБИ. ДОКОЛКУ НА ЕДНО МЕРНО МЕСТО ИМА ДИВОПРИКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ, ДОГРАДБИ И НАДГРАДБИ, ИСТИТЕ ЈА ЗГОЛЕМУВААТ ПОТРОШУВАЧКАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ОБЈЕКТОТ, ОДНОСНО НА АКТИВНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ. ДОКОЛКУ ПОСТОИ СОМНЕЖ ЗА ВАКВО НЕШТО, ЗАЕДНИЦАТА НА СОПСТВЕНИЦИ МОЖЕ ДА ГО ПРИЈАВИ ОВА СО ПИСМЕН ДОПИС ДО СНАБДУВАЧОТ.**ПОГЛЕДНЕТЕ ГО ТЕКСТОТ СО НАСЛОВ "ВЛИЈАНИЕ НА ДИВО ПРИКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ.**"

- ПРЕГРЕВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ. ПОВИСОКИ ТЕМПЕРАТУРИ ОД ВООБИЧАЕНИТЕ, НАД 20ºС ЗНАЧИ ПОГОЛЕМА ПОТРОШУВАЧКА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА НИВО НА ОБЈЕКТ.ЕДЕН СТЕПЕН ПОГОЛЕМА ВНАТРЕШНА ТЕМПАРАТУРА ЗНАЧИ ПОГОЛЕМА ФАКТУРА ЗА 6 %.ВО ТАКОВ СЛУЧАЈ ПОТРОШУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ПРИЈАВИ ,ДОКОЛКУ ИМА ПРЕГРЕВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ, НА ТЕЛ 3076 200.**ПОГЛЕДНЕТЕ ЈА БРОШУРАТА СО НАСЛОВ "ВАШИОТ СНАБДУВАЧ", ВО МЕНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ.**